

***Потеклото на Вера Механџиска е од Пијанец, некогашната Царевоселска околија, односно општините Македонска Каменица и Делчево. Од таму потекнуваат нејзините родители кои ѝ ја всадија љубовта кон родниот крај, кон луѓето, кон, природата, кон сè она што тие ѝ го пренесувале во младоста. Јас како патеписец сум ја посетил Македонска Каменица повеќе пати и притоа се интересирав за историскиот развој на ова рударско место.***

Македонска Каменица, е мала по површина но голема е по природните реткости, пејзажи и содржини кои може да ги понуди. Покрај другото, има археолошки наоѓалишта кои сведочат дека животот на овие простори егзистирал милениуми station наназад. Како појдовна точка се зема локалитетот „Калата“ кој се наоѓа на утоката на Каменичка Река

во Брегалница на местото каде денес се протега вештачката акумулација „Калиманци“.

Инаку, езерото „Калиманци“ и неговата изградба во 70-тите години на минатиот век од корен ја измени сликата на овие предели, потопувајќи одделни населби и плодни ниви, но, од друга страна, овозможи производство на електрична енергија за потребата на рудникот и населбата и наводнување на плодните полиња во Виничко, Кочанско и Овчеполието.

Македонска Каменица се наоѓа во подножјето на Осоговските Планини на нивната јужна падина. Позната е како рударски град со најпознатиот македонски рудник за олово и цинк „Саса“, кој се наоѓа во неговата непосредна близина. Како град е прогласена во 2004 година. Според пишаните документи ова рударско место е седиште на истоимената општина, која зафаќа површина од 19.037 хектари, има 9 населени места со вкупно 8.110 жители. Според пописот од 2002 година, градот има 5.147 жители.

Според пишаните документи името Каменица потекнува од име на река, неговото значење е „вода што тече во каменито корито“. Во минатото името на селото е документирано во еден запис од 1566 година, како Камена Река, од која потекнува и првиот познат македонски печатар Јаков, кој во 1566 година своите книги ги печати во Венеција.

Во втората половина на XVI век се јавува ајдуштвото како форма на отпор, поради поволниот планински регион. Од подрачјето на Македонска Каменица позната е четата на војводата дедо Иљо Малешевски и Румена Војвода.

Во Каменица со гордост истакнуваат дека првиот печатар од Македонија, познатиот Јаков од Камена Река потекнува од овие краишта. Неговиот „Часослов“ отпечатен во далечната 1566 година во Венеција претставува непроценлив извор за опстојувањето на македонскиот народ на овие простори. Самиот факт што самиот тој (Јаков) ја нарекува земјата „Македонија, татковината моја“ е еден аргумент повеќе во прилог на македонските турбулентни времиња.




ООУ
КИРИЛ
МЕТОДИ



**Пишува: СЛАВЕ КАТИН**